БОРБА ПРОТИВ ТОРТУРА И НЕХУМАН ТРЕТМАН

# ИЗВЕШТАЈ ЗА **СОСТОЈБИТЕ И УСЛОВИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО 2023 ГОДИНА**

според последователните посети во
КПД Идризово, КПД Штип,
КПД Прилеп и Затвор Куманово,
во периодот мај - јуни 2023 година

СКОПЈЕ, 2023

Овој проект е финансиран од Европската Унија

EU за ТЕБЕ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

МЗМП

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права,
претставуван од проф. д-р Неда Здравева

**Авторка:**
Тона Карева Талеска

**Уредничка:**
доц. д-р Елена Мујоска Трпевска

**Лектор:**
Виолета Танчева-Златева

**Година на издавање:**
2023

**Место на издавање:**
Скопје

**Број на страници:**
28

**Графички дизајн:**
МАСИВА Креативна Агенција

**Тираж:**
100 копии

Овој проект е финансиран од Европската Унија

EU за ТЕБЕ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

МЗМП

Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** ........ 4

**РАСПОРЕД НА ПОСЕТИ** ........ 6

**ЗА ПРОЕКТОТ** ........ 7

**КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО** ........ 9

Женско одделение ........ 11

Здравствена заштита ........ 12

Правна помош ........ 13

Препораки ........ 13

Кризна состојба ........ 15

**КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ШТИП** ........ 17

Здравствена заштита ........ 19

Правна помош ........ 19

Препораки ........ 20

**КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ПРИЛЕП** ........ 21

Здравствена заштита ........ 22

Правна помош ........ 23

Препораки ........ 23

**ЗАТВОР КУМАНОВО** ........ 25

Здравствена заштита ........ 26

Правна помош ........ 27

Препораки ........ 27

# ВОВЕД

Овој извештај е подготвен во рамките на проектот „Борба против тортура и нехуман третман“, финансиски поддржан од Европската Унија. За целите на проектот е склучен Меморандум за соработка меѓу Хелсиншкиот комитет за човекови права, Македонското здружение на млади правници и Управата за извршување на санкции.

Во периодот од мај до јуни 2023 година беа спроведени четири последователни посети во КПД Идризово, КПД Штип, КПД Прилеп и Затвор Куманово, во согласност со проценката на тимот кој работи на проектот. Селекцијата на казнено-поправните установи се должи на согледаните услови за сместување на осудените лица констатирани при редовните посети, но и на бројните укажувања и поднесените претставки од осудените лица до Хелсиншкиот комитет за човекови права.

Наодите во овој извештај се базираат врз податоците добиени од спроведените посети од страна на мониторинг тимот, кој изврши увид во просториите на казнено-поправните установи, обезбеди бесплатна правна помош, спроведе разговори со речиси сите директори на установите, како и со вработените од редот на припадниците на затвор-ската полиција, социјалните работници, психолозите, правниците итн.

Беше забележано дека, и покрај многуте заложби од страна на државата, на меѓународните и домашните организации за подобрување на условите во казнено-поправните установи, системските недостатоци сè уште постојат. Очигледно е дека недостига соодветна меѓусекторска соработка меѓу надлежните институции, која е клучна за решавање на  проблемите со кои се соочуваат лицата лишени од слобода во овие установи. Токму поради тоа казнено-поправните домови и потфрлаат во исполнувањето на своите законски обврски за надминување на пробле- мите што долго време се провлекуваат и оневозможуваат осудените лица да ги уживаат своите права и соодветно да се ресоцијализираат.

Осудените лица немаат соодветен пристап до здравствена заштита, ниту соодветни материјални услови за живеење, а програмите за ресоцијализа- ција, условите за нивно имплементирање и постпеналната помош се сè уште недоволни и неприменливи. Истовремено, во овој период е забележано зголемено незадоволство на припадниците на затворската полиција, кои укажаа на тоа дека им е нарушена безбедноста и дека се соочуваат со сериозен проблем поради зголемениот број притисоци и  закани кон нив лично, но и кон нивните семејства и блиски.

Корупцијата и понатаму претставува сериозен проблем во установите, за што осудените лица редовно нè информираат. Но поради страв да не ги загубат своите права и погодности, формално не сакаат да ги пријават овие случаи. Дополнително, она што беше забележано, а што особено загрижува, е малиот број жалби поднесени од страна на осудени лица за донесени решенија за изрекувања дисциплински мерки. Праксата покажува случаи кога осудените лица не ги примиле решенијата за изрекување дисциплинска мерка. На пример, доколку тие се наоѓаат во самица, решението е прикачено на вратата од самицата, а осудените лица успеваат да стапат во контакт со некоја невладина организација, правник и/или адвокат откако ќе завршат со издржување на дисциплинската мерка. Сите установи не ја почитуваат редовната формална постапка за изрекување дисциплински мерки, па во некои случаи воопшто нема ни донесено решение за изрекување дисциплинска мерка.

Како позитивна пракса може да се забележи дека во некои казнено-поправни установи се прават напори за воспоставување мерки и активности за ресоцијализација, вокациски активности, како и зголемено работно агажирање на осудените лица.

Пренатрупаноста, особено во КПД Идризово, каде што се наоѓаат најголем број осудени лица од кои повеќето се со безбедносен ризик, е алармантен проблем за кој државата мора итно да најде решение. Само преку решавање на овој системски проблем може да се очекува остварување на ресоцијализацијата како една од главните цели на казната затвор и намалување на стапката на криминалот во државата. Во последните години е забележано зголемување на бројот на пробациски предмети и предмети за кои е изречена алтернативна казна, што секако претставува еден од позитивните примери за решавање на долготрајниот проблем со пренатрупаноста во казнено-поправните установи и за унапредување на ресоцијализацијата и реинтеграцијата на осудените лица.

За таа цел, граѓанските организации одблизу ќе го следат спроведувањето на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија 2021 – 2025 година, како и на Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија 2021 – 2025. Со имплементација на овие стратегии, очекуваме правилна примена на законската и на подзаконската регулатива, подобрување на условите и на состојбата во затворите, но и јакнење на капацитетот и на професионалноста на вработениот персонал, како и зголемен надзор над работењето на пенитенцијарните установи, а во исто време и унапредување на пробацискиот систем.

# РАСПОРЕД НА ПОСЕТИ

| ДАТУМ | КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА | ТИМ |
|---|---|---|
| 29.06.2023 | КПД Идризово | Тона Карева Талеска и Ина Џугуманова |
| 30.05.2023 | КПД Штип | Тона Карева Талеска и Ирена Здравкова |
| 29.06.2023 | КПД Прилеп | Тона Карева Талеска и Ирена Здравкова |
| 09.06.2023 | Затвор Куманово | Тона Карева Талеска и Ирена Здравкова |

# ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот „Борба против тортура и нехуман третман“ се спроведува во партнерство со Македонското здружение на млади правници, а финансиски е поддржан од Европската Унија. Главната цел е елиминација на тортурата и нехуманиот третман во казнено-поправните установи, во воспитно-поправната установа и во психијатриските болници во Република Северна Македонија, во согласност со меѓународните и европските стандарди.

Конкретни цели се:

1. Да се охрабрат осудените лица, лицата лишени од слобода и пациентите во психијатриските установи да пријавуваат претрпена тортура и нехуман третман и да бараат надомест за тоа;
2. Да се зголеми одговорноста на внатрешните и на надворешните механизми за истражување и гонење на случаите на тортура и нехуман третман; и
3. Да се зајакнат капацитетите на институциите за препознавање и превенција на тортурата и нехуманиот третман.

Целни групи во рамки на проектот се осудени лица, лица лишени од слобода, деца во судир со законот и пациенти во психијатриски установи.

Во рамки на проектот предвидени се повеќе активности, и тоа: обезбедување на правна помош, изработка на едукативни материјали за лицата сместени во психијатриски установи, организирање информативни сесии за правата на осудените лица и лицата сместени во психијатриски установи, стратешко застапување, мониторинг на казнено-поправните установи, на воспитно-поправната установа и на психијатриските установи, мониторинг на работата на јавното обвинителство за гонење на кривични дела сторени од страна на полицијата и припадниците на затворската полиција, едукативни сесии за правници и социјални работници во казнено-поправните установи, поддршка за донесување на подзаконски акти.

Очекувани резултати во рамки на проектот се:

- 200 осудени лица (10 % од затворската популација) добиле правна помош;
- 20 осудени лица поднеле претставки за тортура и нехуман третман;
- 8 информативни сесии се одржани за правата на осудените лица и лицата сместени во психијатриски установи; 6 иницирани стратешки постапки; 4 изготвени и објавени извештаи со наоди и препораки од спроведените редовни и последователни посети во казнено-поправните установи и во психијатриските установи; 50 вработени лица од казнено-поправните установи учествувале на обуки за препознавање и превенција од тортура и нехуман третман, од кои 20 учествувале на напредни обуки од оваа област; и 4 изготвени подзаконски акти поврзани со правата на лицата лишени од слобода.

# КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО

Посетата започна со разговор со директорот на КПД Идризово. Установата има капацитет за сместување на 900 осудени лица. Казнено-поправниот дом Идризово во моментот на посетата броеше вкупно 1.149 осудени лица, од кои 65 беа жени. Установата повторно се соочува со пренатрупаност поради големиот број на осудени лица.

Во установата се вработени вкупно 274 лица, од кои 220 се припадници на затворската полиција, а 24 се административни службеници. Во секторот за ресоцијализација има вработено 28 лица. Затворската полиција изрази генерално незадоволство поради немање нова опрема, а опремата со која располагаат е недоволна (униформа, пендрек, радиоврски, лисици итн.). Дополнително, за нив безбедноста претставува сериозен проблем, особено имајќи ги предвид последните случувања со запалените возила и бегствата. Тие посочија дека секојдневно се соочуваат со притисоци и закани, и лично, но и преку нивните семејства и блиски.

Во текот на оваа посета, со оглед на тоа дека е последователна, ги посетивме затвореното одделение и женското одделение.

Објектите „Зграда“ и „Амбуланта“ го сочинуваат затвореното одделение на најголемата казнено-поправна установа КПД Идризово. Повторно, и покрај бројните забелешки од граѓанските организации и Европскиот комитет за спречување на тортурата и другото сурово и нечовечко постапување (КПТ), не се забележани никакви позитивни промени во овие два објекта. Осудените лица и понатаму издржуваат казна затвор во супстандардни услови, со високо ниво на влага и присуство на тавтабити и други инсекти, од кои осудените лица имаат бројни убоди. Хигиената во затвореното одделение е на незавидно ниско ниво. Во објектот „Зграда“ во некои од собите се сместени по 10-12 лица со кревети на 3 или 4 ката (од третиот и четвртиот кат често се случува осудените лица да паднат додека спијат), а собите не ги задоволуваат стандардите ниту во поглед на големина ниту, пак, во поглед на материјалните услови, влага и светлина. Исто така, имаше некои лица кои спијат на подот во самите соби, а констатиравме и состојба каде некои осудени лица немаат душек. За споредба, во некои

соби од овој објект, други осудени лица се ставени во поповолна положба, со тоа што во иста големина на соба издржуваат казна помал број лица, во значително подобри услови. Иако, како што бевме информирани, по смената на директорот најголем дел од речиси 30 лица кои спиеле на под на душеци се сместени по соби, сепак, забележавме неколку лица кои немаа кревет и спиеја на подот во ходниците. Ваквата слика потврдува дека пренатрупаноста е сѐ уште нерешен проблем во оваа установа, кој се провлекува со години. Хигиената во тоалетите е на ниско ниво, што е за очекување со оглед на бројот на лица кои ги користат.

Во овој дел од установата беа констатирани бројни забелешки не само за материјалните услови туку и за храната, за која осудените лица велат дека им се дава еднаш во денот. Поради незадоволството од нејзиниот квалитет, осудените лица кои можат финансиски да си дозволат, добиваат храна што им ја доставуваат нивните блиски. Дополнително, осудените лица се пожалија и на квалитетот на водата, за која самостојно се уверивме дека е матна, па принудени се сами да обезбедуваат шиширана вода. Повторно констатиравме присуство на ножеви и друг прибор за јадење во сите соби, поради тоа што во КПД Идризово нема трпезарија. Тоа и понатаму претставува сериозен проблем, бидејќи во затвореното одделение се сместени осудените лица со најголем безбедносен ризик во државата, кои често ги употребуваат острите предмети во меѓусебните вербални и физички расправии, но и кон припадниците на затворската полиција при вршење на нивните должности.

Во затвореното одделение во „Зграда“ се наоѓаат и просториите за самица, кои беа затекнати во супстандардни услови, со голема влага и ниска хигиена, без можност за проветрување на просторијата со свеж воздух, во која нема доволно ниту природна ниту вештачка светлина. Разговараме со две лица по случаен избор кои издржуваа дисциплинска мерка самица, па оттука ни се потврдија заклучоците за материјалните услови на самиците од претходните извештаи. Решенијата за изрекување на дисциплинска мерка не им се доставени и се прикачуваат на вратата од просториите од надворешната страна, па осудените лица немаат можност да поднесат приговор. Во периодот од 1 јануари до 30 јуни покренати се 248 дисциплински постапки и изречени се дисциплински мерки во најголем број случаи за поседување или за користење мобилен телефон, дрога, алкохол или

други недозволени работи, потоа за бегство, физички напад, агресивно однесување, дрзок однос, злоупотреба на погодности, предизвикување штета и друго.

Супстандардни услови во поглед на влага и материјални услови се забележани и во приемното одделение во оваа установа, каде што осудените лица се задржуваат подолго време од потребното поради пренатрупаност, но и поради долгиот процес на стручната проценка од страна на надлежниот тим во установата.

Во објектот наречен „Амбуланта“ и во објектот „Зграда“ влагата е присутна во сите простории, хигиената и миризбата се на најниско ниво, па оттука потребна е нивна целосна реконструкција, или нивно затворање и изградба на нов објект со цел обезбедување соодветни услови.

При посетата тимот повторно укажа на потребата од преместување на одреден број осудени лица од казнено-поправната установа во некоја од психијатриските установи, за добивање соодветна здравствена нега поради нивната здравствена состојба.

Покрај стандардното работно ангажирање на осудените лица во редарство, хигиена, перална, кујна и слично, осудените лица во најголемата казнено-поправна установа во државата немаат никакви услови и програми за стручно оспособување и за квалитетно поминување на слободното време.

Имајќи ја предвид категоријата на лица кои издржуваат казна во затвореното одделение, државата треба да вложи посебни напори за развивање на добра внатрешна атмосфера. Тоа е во интерес не само на хуманото постапување кон осудените лица во одделението туку и за одржување на ефикасна контрола, безбедност и сигурност на персоналот.

## Женско одделение

Во овој дел од установата состојбата е непроменета од минатиот извештај. Реновирани и реконструирани се одредени делови со нов под и нови ПВЦ-прозорци, врати и соларни панели, со што се подобрени материјалните услови за осудeничките. Но влагата во просториите, што е видлива и проширена, и понатаму претставува проблем.

Телефонската говорница во женското одделение е функционална. Осуденичките, освен отворениот простор во кој има клупа со столчиња, немаат на располагање дополнителни услови за слободни, спортски и вокациски активности. Исто така, имаат и таблети кои им стојат на располагање за комуникација со семејствата, но не се користат често. Во женското одделение нема ниту соодветна просторија во која осуденичките ќе може да остваруваат контакти со своите деца, просторија која треба да нуди релаксирачка и рекреативна атмосфера.

Осуденичките се пожалија на несоодветна распределба на осудени лица во затвореното наспроти полуотвореното и отвореното одделение, поради што владее нетрпение и незадоволство во установата. Попрецизно, некои осуденички кои треба да се сместени во затвореното одделение се сместени во полуотвореното, и обратно.

Проблемот со немање редовни гинеколошки прегледи и услуги продолжува да претставува сериозно кршење на нивните основни права, за што е надлежно Министерството за здравство.

Исто така, при посетата констатиравме сегрегација на Ромки осуденички, со тоа што сите Ромки беа сместени во една просторија во затвореното одделение, во која беа констатирани најлоши услови и единствено во таа просторија немаше телевизор.

## Здравствена заштита

Здравствената заштита во установата се спроведува преку 1 докторка и 2 медицински сестри, кои ја посетуваат установата само неколку часа во текот на денот, што не е доволно за установа која брои над 1.000 осудени лица.

Неопходно е да се обезбеди терапија бупренорфин и метадон за сите на кои им е потребна, со цел континуиран третман на осудените лица без прекини од кои било причини, вклучувајќи го и ненавременото спроведување постапка за тендер од Министерството за здравство. На овој начин ќе се превенира „црн пазар“, насилство, стрес и други психички и соматски последици.

Од установата нѐ известија дека се соочуваат со големи долгови поврзани со здравствената заштита, кои произлегуваат од фактури од

медицинските установи во кои ги спроведуваат осудените лица, а повторно поради отежнати можности за организирање на спроводи не добиваат соодветна здравствена заштита.

Понатаму, дијабетичарите не добиваат ленти за мерење на нивото на шеќер во крвта и нивните животи се загрозени, зашто самите по своја проценка си ја одредуваат количината на инсулин.

Министерството за здравство треба да обезбеди соодветна здравствена заштита за осудените лица. Имајќи ги предвид финансиските импликации што произлегуваат од спроводите до здравствените установи и фактурите за здравствени услуги за осудените лица за казнено-поправните установи, државата треба да најде алтернативен начин за обезбедување на соодветна здравствена заштита, која ќе биде обезбедена во установата, или ќе бидат склучени јавно-приватни партнерства за обезбедување на здравствена заштита.

## Правна помош

За време на посетата во КПД Идризово разговаравме со 17 осудени лица. Најчестите основи за кои осудените лица во оваа установа побараа правно советување се во врска со здравствената заштита, материјалните услови, видување со деца и вонбрачен партнер, храната и квалитетот на водата, правото на условен отпуст, преместување во друга казнено-поправна установа и остварување на правото на посета. Дел од осудените лица се пожалија дека биле жртва на корупција и дека во установата сѐ може да се купи со пари: кревет, душек, телефон, топла вода, медицинска терапија, преместување во друга установа, користење на погодности итн. Голем дел од осудените лица се пожалија дека, поради немањето на доволно медицински персонал, не можат да стигнат на ред да бидат прегледани.

## Препораки

- → Да се преземат мерки за елиминирање на пренатрупаноста во установата од страна на Управата за извршување на санкции, преку преземање на соодветни мерки и активности и со спроведување на втората фаза за изградба и реконструкција;

- → Установата да ги подобри условите во самиците;
- → Да се зголеми бројот на вработени во затворската полиција и во секторот за ресоцијализација;
- → Управата за извршување на санкции да обезбеди нова соодветна опрема за затворската полиција;
- → Да се подобрат условите во објектите „Зграда“ и „Амбуланта“, што се крајно нехумани и деградирачки за осудените лица, преку нивна целосна реконструкција или со нивно затворање и изградба на нов објект;
- → Министерството за правда, Управата за извршување на санкциите и КПД Идризово да преземат мерки за трајно отстранување на ножевите и другите остри предмети од просториите на осудените лица;
- → Министерството за правда, Управата за извршување на санкциите и КПД Идризово да обезбедат услови за слободни, спортски, едукативни и вокациски активности за сите осудени лица, заради квалитетно поминување на слободното време;
- → КПД Идризово да не врши сегрегација на Ромки осуденички во затвореното одделение при женското одделение;
- → Министерството за здравство да преземе мерки за соодветен пристап до здравствена заштита на осудените лица, и тоа:
    - Обезбедување лекови и доволен број здравствени работници за да се подобри достапноста и пристапноста до лекови, лекар, психијатар, гинеколошки и стоматолошки услуги;
    - Навремено обезбедување на соодветна здравствена терапија за осудените лица и спровод до медицинските установи;
    - Обезбедување ленти за мерење на нивото на шеќер во крвта на осудените лица болни од дијабетес;
    - Обезбедување терапија за сите лица кај кои има индикација за третман со бупренорфин или метадон, без плаќање од свои средства туку од програмата за зависности на Министерството за здравство;
    - Ажурирање на сите промени во медицинската документација на осудените лица, за да соодветствува на актуелната состојба;

- Потребно е редовно мониторирање (скрининг за употреба на супстанции) и проценка на состојбата на лицата кои се вклучени во програма за третман со опиоиди  од страна на здравствените работници, не само при вклучување на терапијата туку редовно и повремено, а особено при донесување одлука за намалување или за зголемување на терапијата;
- Потребна е психоедукација за лицата со зависност во затворот;
- Потребна е психосоцијална помош и поддршка за осудените лица;
- Потребни се едукации за болестите на зависност, за третманот и за придобивките од тоа за униформираните лица и за останатиот персонал во затворот.

## Кризна состојба

На 06.06.2023 година Владата донесе одлука со која се утврди „постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа ’Идризово‘ ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата“. Од органите на државната управа се бара да преземат мерки и активности во согласност со прописите за управување со кризи, а од главниот штаб за управување со кризи при ЦУК, да ги следи состојбите, да ги координира активностите и редовно да ја информира Владата. Кризната состојба траеше 30 дена, по што, по прекин од 2 дена, повторно беше прогласена кризна состојба на 07.07.2023 година.

Со прогласување на кризната состојба, припадници на МВР и на Армијата започнаа да го обезбедуваат затворот поради недостиг на чувари. Еден од главните проблеми со кои се соочува „Идризово“ е немањето доволно кадар во затворот. Бројот на вработени лица во затворската полиција е недоволен за да ги задоволи секојдневните потреби и активности. Владата даде согласност за вработување на нови 100 припадници на затворската полиција, но сѐ уште не е добиена согласност од Министерството за финансии. Во текот на траењето на

кризната состојба беше објавен оглас за вработување на нови лица – припадници на затворска полиција, а по завршување на постапката ќе бидат вработени 70 лица. Од Упрвата за извршување санкции беше најавено дека со ребалансот на буџетот ќе бидат обезбедени уште 30 вработувања. Дополнително за време на кризната состојба се обезбедени 40 милиони евра за реконструкција и изградба на нова зграда. Сепак, не треба да се заборави дека, додека трае изградбата на нова зграда, осудените лица ќе бидат сместени во нехумани и супстандардни услови. На 27.07.2023 година, во рамките на 124 седница, Собранието едногласно со 62 гласа „за“ ја донесе одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на КПУ Идризово.

Државата мора да се осигури дека во своето постапување за време на кризна состојба ќе се почитуваат меѓународните стандарди и дека тоа нема да е на штета на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПД Идризово. Особено е значајно кризната состојба да не се продолжува до недоглед, посебно поради тоа што станува збор за структурни недостатоци во пенетенцијарните установи кои постојат од многу одамна, па решението не е прогласување на кризна состојба туку решавањето на системските проблеми.

# КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ШТИП

Посетата на затворот започна со разговор со директорот на установата. КПД Штип располага со 148 места за сместување на осудени лица според стандардите на КПТ, а според установата, капацитетот е за 210 осудени лица. Моменталната бројна состојба е 219 осудени лица. Во периодот мај – јуни околу 30 осудени лица биле преместени во други установи, со цел растоварување на установата. Во затвореното одделение се сместени 69 осудени лица, во приемното одделение 7 осудени лица, во полуотвореното одделение се 124, а 19 осудени лица се во бегство. Установата повторно се соочува со пренатрупаност поради големиот број осудени лица и малите капацитети што ги има затворот во согласност со стандардите на КПТ.

Во однос на бројот на вработени лица во установата, во КПД Штип се вработени 106 лица, од кои 13 административни службеници, 93 затворски полицајци во секторот затворска полиција и 6 лица во секторот за ресоцијализација.

Еден од главните проблеми со кои се соочува затворот е токму малиот број вработени на клучните позиции за ресоцијализација на осудените лица. Имено, во секторот за ресоцијализација конкретно бројот на воспитувачи е сведен на двајца, кои работат со сите осудени лица. Најавени се нови вработувања, односно добиени се согласности за вработување на 8 лица на административни позиции, од кои 4 лица за ресоцијализација и 1 лице во затворската полиција. Затворската полиција нема нова опрема (униформа, пендрек, радиоврски, лисици итн.) од 2017 година, а онаа со која располага е недоволна и нецелосна.

Унапредениот простор што беше констатиран во претходниот извештај од редовна посета е зачуван, одржуван во добра состојба и сите купени апарати се функционални.

Поставени се нови плочки во одредени делови од затворот, а за време на посетата се реновираа дел од собите во полуотвореното и во отвореното одделение од страна на осудените лица. Тие учествувале и во изградбата на отворен амфитеатар и градина во дворот на установата, за кој недостигаат уште столчиња за амфитеатарот. Установата има потпишано меморандум за соработка со Дом на културата Штип, па се очекува амфитеатарот да придонесе со простор за културно-забавна програма.

Затвореното одделение се наоѓа во посебна зграда и е целосно одделена од другиот простор. Лицата имаат посебно место за шетање. На секој кат имаат по три простории за дневен престој, а лицата се

сместени по најмногу 4 во соба. Во сите крила редовно се врши дезинсекција и дезинфекција, но одредени осудени лица се пожалија на појавување на тавтабити. Ни беше укажано на тоа дека редовно се прска против инсекти, но треба соодветно одржување на хигиената и од самите осудени лица, кои при преместување од една во друга установа ги пренесуваат и тавтабитите.

Установата во периодот на посетата беше растоварена – во една соба, во зависност од нејзината големина и од можностите, се сместени најмногу до 5 осудени лица. Сите простории во полуотвореното одделение имаат унифицирани маси и столчиња поставени од страна на установата, со новопоставени ПВЦ-прозорци. Во сите простории се поставени нови комоди и лед-светилки. Сменети се вратите и дел од просториите се варосани, а дел се варосуваа за време на посетата, од страна на самите осудени лица. Исто така, и дел од тоалетите се реновираа за време на посетата во овој дел од установата.

Поради пренатрупаност и немање место во КПД Штип, се случува во самиците да се сместуваат осудени лица кои немаат дисциплински престапи, кои се распоредени во други крила и во одредени периоди им се дозволува пристап до крилото што им е назначено. Некои од лицата доброволно бараат да бидат сместени во овој дел. Иако установата смета дека ваквата пракса е добра и во интерес на осудените лица, особено кога тоа е по нивно барање, сметаме дека сместувањето во овие простории е понижувачко и нехумано. Тие простории не овозможуваат никаква приватност ни за користење тоалети, ниту, пак, ги исполнуваат минималните стандарди за големина на простории, осветлување и вентилација, а осудените лица немаат слободен пристап до крилата што им се назначени.

Позитивна промена  е дека голем дел од осудените лица се работно ангажирани и резултатите од тоа се видливи, особено во дворот на затворот, каде што, освен на амфитеатарот, се работи на сите полиња. Повеќе од 60-70 осудени лица се работно ангажирани. Како позитивна пракса треба се истакнат и земјоделските и сточарски активности што ги негува установата. Осудени лица се ангажирани и во приготвување на леб и храна, а во мензата и во кујната се одржува добра хигиена. Осудените лица не се пожалија на храната, која се менува во согласност со нивните желби и потреби.

Библиотеката има голем избор на книги и се користи од страна на осудените лица.

Во однос на делот на образование бевме известени дека осудените лица со неоформено основно образование имаат можност да го завршат, а секако и да добијат различни сертификати. Вкупно 45

осудени лица завршиле основно образование, а над 180 осудени лица се имаат стекнато со различни сертификати за занимања.

Во разговор со директорот бевме известени дека корупцијата во оваа установа не е толку голема и дека е сведена на минимум, а најостро се санкционираат сите припадници на затворската полиција и на персоналот кои ќе бидат фатени во коруптивни дејства.

Исто така, бевме известени од страна на установата дека има телефон за комуникација на осудените лица со надворешниот свет и два таблета, за кои преку разговор со осудените лица увидовме дека сепак не се користат доволно.

Во периодот од 01.01. до 30.06.2023 г. поведени се 67 дисциплински постапки против осудени лица. Дисциплинските постапки најчесто се однесуваат за поседување и на користење мобилен телефон, физички напад, извршено бегство, одбивање на наредба, злоупотреба на дадена погодност. Најчеста дисциплинска мерка е самица, но според кажувањето на директорот, најголемиот дел не ги издржуваат во целина дисциплинските казни. На изречените дисциплински мерки се поднесени 7 жалби до Управата за извршување санкции. Во однос на употребата на средства за присилба, се води соодветна евиденција од страна на установата и на вработените.

Осудените лица се обраќаат до директорот со најразлични проблеми и жалби, а најчесто ги мешаат правата и погодностите. Исто така, тој ги прима на разговор сите осудени лица, во согласност со неговото време и обврските.

## Здравствена заштита

Здравствената заштита во КПД Штип ја спроведуваат еден доктор и еден стоматолог, а најавено е вработување на уште еден општ лекар. Хигиената и редот во амбулантата се одржуваат на соодветно ниво.

Бевме известени дека осудените лица кои се зависници се соодветно третирани.

## Правна помош

За време на посетата разговараме со 10 осудени лица избрани по случаен избор. Едно осудено лице се пожали на несоодветен третман со навреди и викање од страна на припадник на затворската полиција.

## Препораки

- → Да се преземат мерки за елиминирање на пренатрупаноста во установата од страна на Управата за извршување на санкции;
- → Установата да не сместува осудени лица во самиците поради големината и условите на просториите;
- → Управата за извршување на санкции да обезбеди соодветна и нова опрема за затворската полиција;
- → Да се зголеми бројот на вработени припадници на затворската полиција и лица во секторот за ресоцијализација;
- → Министерството за здравство и Установата да преземат мерки за соодветен пристап до здравствена заштита на осудените лица, и тоа:
    - Навремено обезбедување на соодветна здравствена терапија за осудените лица и спровод до медицинските установи;
    - Обезбедување на терапија за сите лица кај кои има индикација за третман со бупренорфин или метадон, без плаќање од свои средства туку од програмата за зависности на Министерството за здравство;
    - Ажурирање на сите промени во медицинската документација на осудените лица, за да соодветствува со актуелната состојба;
    - Потребно е редовно мониторирање (скрининг за употреба на супстанции) и проценка на состојбата на лицата кои се вклучени во програма за третман со опиоиди од страна на здравствените работници, не само при вклучување на терапијата туку редовно и повремено, а особено при донесување одлука за намалување или за зголемување на терапијата;
    - Потребна е психоедукација за лицата со зависност во затворот;
    - Потребна е психо-социјална помош и поддршка за осудените лица;
    - Потребни се едукации за болестите на зависност, за третманот и за погодностите од тоа за униформираните лица и за останатиот персонал во затворот.

# КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ПРИЛЕП

Посетата на затворот започна со разговор со директорот на КПД Прилеп. Капацитетот на установата е за 108 лица. Бројот на осудени лица во моментот на посетата изнесуваше 132. Установата повторно се соочува со пренатрупаност поради големиот број осудени лица, а капацитетите што ги има затворот се мали во согласност со стандардите на КПТ.

Во установата се вработени вкупно 66 лица, од кои 51 се затворска полиција, а 7 во администрација. Во секторот за ресоцијализација се вработени 8 лица според податоците што ги добивме од установата, но во моментот на посета бевме известени дека моментално вработени во секторот за ресоцијализација се 2 лица, што е недоволен број за исполнување на сите работни задачи.

Во КПД Прилеп има приемно одделение, отворено одделение, полуотворено одделение, затворено одделение и одделение за сместување на осудени лица со висок ризик.

Лицата кои се со затворен третман В3 и оние кои се во приемно одделе-ние понекогаш, поради немање доволно просторни капаците-ти, се сместени во заедничка просторија, што може штетно да влијае врз новопримените осудени лица и врз нивната понатамошна ресоцијализација.

Во затвореното одделение од установата има две соби со по 8 и 9 кревети. Големината на собите, која не е поголема од 16 м$^2$, не е соодветна за бројот на осудени лица кои се сместени во нив. Во овие соби беа забележани и зголемено ниво на влага и небојадисани ѕидови. Едната соба во која претходно биле сместени лицата ја претвориле во занимална, поради високото ниво на влага. Тоалетот во овој дел е со значително ниско ниво на хигиена, со 1 туш и 2 чучавци.

Приемното одделение во установата има две соби. Хигиената во него беше ниска, а осудените лица остануваат во овие простори многу долго, некои и по неколку години.

Отвореното и полуотвореното одделение во установата имаат вкупно 15 соби, кои се во релативно добра состојба, опремени со кревети, маси и столчиња. Осудените лица на располагање имаат и соба за дневен престој, како и целосно опремена библиотека со книги на

повеќе јазици. Тоалетот во овој дел од установата е во значително подобра состојба од другите тоалети, но хигиената во ходниците е на незавидно ниско ниво.

Самата установа има воспоставено пракса на постоење на простор за изолација, одделение за осудени лица со висок ризик со капацитет за 8 лица, кои го користат за лица со дисциплински постапки и за лица кои предизвикуваат проблеми и недоразбирања со останатите осудени лица. Немаат правилник за тоа колку долго овие лица ќе бидат во овие простории. Пред овие простории има 4 самици, чии услови се супстандардни. За време на посетата разговаравме со лице кое било во самица неколку дена, а потоа било преместено во просторот за изолација. Формална постапка за дисциплинскиот прекршок не била спроведена и лицето не го добило решението со кое се одредува самица. Во овие простории системот за повикување не беше функционален и за да функционира осудените лица спојуваат две жици. Од 1 јануари до 30 јуни покренати се 22 дисциплински постапки против осудени лица, кои најчесто се однесуваат за поседување и за користење на мобилен телефон, занимавање со препродавање, физички напад, учество во тепачка, злоупотреба на дадена погодност – бегство и за нив најчесто се изрекуваат самици или јавни опомени. Нема поднесено жалба по ниту едно решение за дисциплинска мерка.

Позитивно е тоа што над 30 осудени лица се работно ангажирани. Во овој момент се спроведува проект поддржан од ЕУ на Центарот за граѓански иницијативи, преку кој се опремуваат браварско-машинска работилница и ИТ-работилница. По опремувањето на работилниците ќе започне процесот на вклучување на осудените лица, со цел нивна ресоцијализација и реинтеграција. Дополнително, позитивно е што околу 15 лица се ангажирани во фармата на установата, каде што се занимаваат со сточарски и со земјоделски дејности. Фармата остварува приход од над 3.000.000 денари.

## Здравствена заштита

Здравствената заштита се обезбедува преку две медицински сестри кои се секој ден во установата, во период од 7:30 до 15:30 часот, а по потреба и на повик. Медицинските сестри, иако се веќе 4 години секојдневно во установата, немаат регулирано редовен работен

однос. Психијатар во установата доаѓа 2-3 пати во месецот и по потреба. Осудените лица користат стоматолошки услуги надвор од установата. Медицинската терапија во целост ја набавува установата од сопствени средства, но сепак, некои лекови ги набавуваат осудените лица по претходно издаден рецепт. Голем дел од осудените лица се принудени самостојно да набавуваат бупренофин, поради тоа што во Центарот за зависности во Битола немаат доволно капацитет.

## Правна помош

За време на посетата разговараме со вкупно 10 осудени лица по случаен избор, кои побараа правно советување во врска со правото на условен отпуст, користење на погодности, како и со пристапот до здравствена заштита.

## Препораки

- Да се преземат мерки за елиминирање на пренатрупаноста во установата од страна на установата и на Управата за извршување на санкции;
- Управата за извршување на санкции и КПД Прилеп да вложат напори да се подобрат условите во самиците со цел исполнување на потребните стандарди;
- КПД Прилеп да го стандардизира користењето на просторот на изолација што во пракса го користат;
- Да се зголеми бројот на вработени во затворската полиција и во секторот за ресоцијализација;
- Управата за извршување на санкции да обезбеди соодветна опрема за затворската полиција;
- КПД Прилеп во иднина да вложи напори лицата од приемното одделение и оние кои веќе имаат доделен третман да не бидат сместувани во заеднички соби и лицата во приемно одделение да не остануваат во овој дел подолг временски период;

- → Управата за извршување на санкциите и КПД Прилеп да преземат мерки за подобрување на условите во тоалетите во затвореното и во приемното одделение;
- → КПД Прилеп да не сместува повеќе осудени лица во една соба од законски дозволеното и во согласност со стандардите;
- → КПД Прилеп да ја почитува пропишана постапка за изрекување на дисциплински прекршок и доставување на решенија;
- → Министерството за здравство да преземе мерки за подобрување на пристапот до здравствена заштита, и тоа:
    - Вработување на доктор и на двете медицински сестри кои обезбедуваат здравствени услуги;
    - Потребно е навремено обезбедување на терапија за осудените лица и спровод до медицинските установи;
    - Потребно е сите лица кај кои има индикација за третман со бупренорфин или метадон да ги добијат без плаќање од свои средства, туку од програмата за зависности на Министерството за здравство;
    - Потребно е документирање на сите промени во медицинската документација за да соодветствува со актуелната состојба;
    - Потребно е редовно мониторирање (скрининг за употреба на супстанции) и проценка на состојбата на лицата кои се вклучени во програма за третман со опиоиди од страна на здравствените работници, не само при вклучување на терапијата туку редовно и повремено, особено при донесување одлука за намалување или за зголемување на терапијата;
    - Потребна е психоедукација за лицата со зависност во затворот;
    - Потребна е психо-социјална помош и поддршка за осудените лица;
    - Потребни се едукации за болестите на зависност, за третманот и за погодностите од тоа за униформираните лица и за останатиот персонал во затворот.

# ЗАТВОР КУМАНОВО

Посетата на затворот започна со разговор со командирот во Затвор Куманово. Бројот на осудени лица во моментот на посетата е 156 осудени лица, од кои 12 осудени лица се водат во бегство и 32 лица во притвор. Капацитетот на установата е за 220 лица. Во отвореното одделение Крива Паланка има 28 лица.

Во однос на вработените лица во затворот, тој располага со 75 припадници на затворска полиција и 27 лица во администрација. Во секторот за ресоцијализација има вработено 10 лица.

Во установата има отворено одделение во Крива Паланка, како и полуотворено, затворено, приемно и притворско одделение.

Во собите и во ходниците на казнено-поправната установа се забележува подобрено ниво на хигиена, што не може да се потврди за затекнатата состојба во некои соби на осудените лица. Останатите услови во собите не се променети во однос на констатираната состојба со последниот извештај. Хигиената и миризбата во самиците беше на многу ниско ниво.

Установата сѐ уште се соочува со проблеми со водоснабдувањето, а за време на посетата нѐ информираа дека вода имаат доколку винаријата, која е во близина, пушти вода. Во собите на осудените нема вода, а во секое одделение има по една чешма. Во тоалетите тушевите беа функционални, а за сите осудени лица функционални се 4 туша, што е навистина мал број.

Приемното одделение во полуотвореното одделение е пренаменето во соба за верски обреди заради потребата на осудените лица.

Шеталиштето за лицата е целосно без сенка и без никакви реквизити.

Затворската полиција нема нова опрема (униформа, пендрек, радиоврски, лисици итн.), а таа што ја има е недоволна и нецелосна. Поседуваат 30 лисици и 8 пиштоли. Вработените моментално не се соочуваат со закани.

Осудените лица се обраќаат до директорот со најразлични проблеми и жалби, а најчесто ги мешаат правата и погодностите. Исто така, тој ги прима на разговор во согласност со неговото време и обврски.

Во установата осудените лица кои се ангажирани се занимаваат со редарство, односно одржување на хигиената и средување на зелените

површини, како во рамки на установата и нејзината околина така и на други места кои побарале таква услуга од затворот. Моментално работно ангажирани се 11 лица во надворешни фирми и оние кои се заинтересирани за редарство, односно одржување на хигиена и одржување на зелени површини. Некои од осудените лица за својот работен ангажман добиваат одреден паричен надоместок.

Во однос на ресоцијализацијата можеме да заклучиме дека активностите што установата ги презема за ресоцијализација се незначителни и осудените лица немаат никакви можности за активности, што навистина е несоодветно имајќи го предвид фактот дека, според информациите, има вработено 10 лица во секторот за ресоцијализација. Осудените лица немаат никакви вокациски активности.

Дисциплинските постапки спрема осудените лица најчесто се однесуваат на поседување телефони незаконски внесени во установата, како и на наркотици, како и за непочитување на наредби, за што се изрекуваат самици. Во најголем дел, осудените лица не ги издржуваат во целина дисциплинските казни. Во однос на употребата на средства за присилба, се води соодветна евиденција од страна на установата и вработените.

## Здравствена заштита

Здравствената заштита во Затвор Куманово ја спроведува медицинскиот техничар вработен во установата. Доктор во установата доаѓа двапати во неделата, а поради големата раздалеченост на установата од градовите Куманово и Свети Николе, итната медицинска помош не може навремено да пристигне за да обезбеди здравствена заштита на осудените лица.

Во установата нема можност за третман на осудени лица зависници со соодветна терапија, а само мал дел од лицата во затворот зависни од опијати добиваат соодветна терапија според медицина базирана на докази. Овие лица кои добиваат терапија се лица кои се префрлени од други установи. Во разговор со претставници на установата ни беше посочено дека, кога осудени лица зависници ќе дојдат во установата, надлежните не обезбедуваат соодветна терапија. Несоодветниот третман резултира со насилство, тепачки, состојби на депресија,

анксиозност, автоагресија, обиди за самоубиство, агресија и формирање црн пазар со лекови за третман на зависност според медицина базирана на докази. Во затворот е присутна и дрога – марихуана и илегално набавени лингвалети бупренорфин, според исказите на вработените и на осудените лица.

## Правна помош

За време на посетата разговараме со вкупно 10 осудени лица кои имаа потреба правно да се советуваат. Најчестите проблеми со кои се соочуваат се во врска со несоодветна здравствена заштита, уживањето погодности, преместување во друга казнено-поправна установа, други кривични постапки итн.

## Препораки

- Министерството за правда и Управата за извршување на санкции, заеднички со Затвор Куманово, да изнајдат решение за проблемот со водоснабдувањето;
- Управата за извршување на санкциите да вложи напори за доопремување на шеталиштето за осудените лица во затвореното одделение, со цел повеќе услови за квалитетно поминување на слободното време;
- Управата за извршување на санкции и Затвор Куманово да обезбедат услови за слободни, спортски, едукативни и вокациски активности за сите осудени лица заради квалитетно поминување на слободното време;
- Затвор Куманово да преземе дејства за подобрување на хигиената во установата;
- Да се зголеми бројот на вработени припадници на затворската полиција и лица во секторот за ресоцијализација;
- Управата за извршување на санкции да обезбеди соодветна и нова опрема за припадниците на затворската полиција;
- КПД Куманово соодветно да постапува со осудени лица зависници во согласност со медицина базирана на докази;

→ Министерството за здравство да преземе мерки за подобрување на пристапот до здравствена заштита, и тоа:

- Зголемување на бројот на здравствени работници со цел обезбедување соодветна здравствена заштита;
- Потребно е навремено обезбедување на терапија за осудените лица и спровод до медицинските установи;
- Потребно е сите лица кај кои има индикација за третман со бупренорфин или метадон да го добијат без плаќање од свои средства, туку од програмата за зависности на Министерството за здравство;
- Потребно е документирање на сите промени во медицинската документација, за да соодветствува со актуелната состојба;
- Потребно е редовно мониторирање (скрининг за употреба на супстанции) и проценка на состојбата на лицата кои се вклучени во програма за третман со опиоиди  од страна на здравствените работници, не само при вклучување на терапијата туку редовно и повремено, особено при донесување одлука за намалување или за зголемување на терапијата;
- Потребна е психоедукација за лицата со зависност во затворот;
- Потребна е психо-социјална помош и поддршка за осудените лица;
- Потребни се едукации за болестите на зависност, за третманот и за придобивките од тоа за униформираните лица и за останатиот персонал во затворот.



ИЗВЕШТАЈ ЗА

# СОСТОЈБИТЕ И УСЛОВИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО 2023 ГОДИНА

според последователните посети во
КПД Идризово, КПД Штип,
КПД Прилеп и Затвор Куманово,
во периодот мај – јуни 2023 година